827
Плавија
Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: 11.07.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| 0201 | 586/1 | | |


Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 и член 43 став 12 од Статутот на општина Радовиш, согласно член 14 став 2 точка 5 и член 24 став 1 точка 7 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 255/24, 3/25 и 17/25) и член 105 и 149 од Законот за управување со одпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21 и 3/25),

Советот на Општина Радовиш на LXVIII седница одржана на 30.06.2025 донесе:

# О Д Л У К А
## за зголемување на цената за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад во општина Радовиш

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за зголемување на цената за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад во општина Радовиш.

Член 2

Цени за собирање, транспортирање и отстранување на комуналниот отпад за корисници на услугата: Домаќинства

Цената за услугата за собирање, транспортирање и отстранување на комуналниот отпад за домаќинства во кои спаѓаат индивидуалните станбени единици и колективните станбени единици ќе се утврдува според единица мерка денар по квадратен метар за станбена површина и денар по квадратен метар за дворна површина.

Цена на комуналната услуга во делот на собирање, транспортирање и отстранување на комуналниот отпад за корисници на услугата - домаќинства:

Распоредена по категории е:

| Р.бр. | Категорија | ден/$m^2$ |
|---|---|---|
| 1. | Домаќинство – станбена површина | **2,30** |
| 2. | Домаќинство – дворна површина | **0,64** |

За домаќинство во индивидуален станбен објект за пресметка ќе се земе збирот на следните површини:

- Нето површината на куќата земајќи ја во предвид катноста и сите помошни простории (тераси, лоѓии, скалила, подрум, гаража и сл.) кои преставуваат единствена целина на куќата и тоа на индивидуалните станбени објекти чија квадратура изнесува повеќе од 140 $m^2$ да им се фактурира по 140 $m^2$, а

на сите индивидуални станбени објекти до 140 $m^2$ да им се фактурира по постоечката квадратура

- Нето површина на сите објекти вон габаритот на куќата (гаража, шупа и сл.)
- Дворната површина на индивидуалниот станбен објект се искажува одвоено. Дворната површина на индивидуален станбен објект поголема од 300 $m^2$ да се фактурира по 300 $m^2$,а на сите дворни површини на индивидуален станбен објект помали од 300 $m^2$ да им се фактурира по постоечката квадратура.

За домаќинство во колективен станбен објект, за пресметка ќе се зема збирот на следните површини:

- Нето површина на станот со сите додатни-помошни простории односно површини (тераси, лоѓии и др.) а кои преставуваат единствена целина на станот
- Нето површина на подрум
- Нето површина на гаража
- Заедничката површина (простории) на колективните станбени објекти како што се скалила, ходници и слично во висина од 10 $m^2$ по стан

Член 3

Со донесување на оваа Одлука престануваат да важат цените за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од физички лица наведени во член 2 став 1 алинеи 1 и 2 во Одлуката за висина на цени на услугите за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на општина Радовиш бр:08-1038/1 од 28 јуни 2019 година донесена од Советот на општина Радовиш.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Радовиш.

Број 08-929/1
Дата 30.06.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов

Digitally signed by Strahil Gavritov
DN: c=MK, ou=Makedonski Telekom CA Natural Persons, givenName=Strahil, sn=Gavritov, serialNumber=CRT3754153, cn=Strahil Gavritov
Date: 2025.06.30 21:50:12 +02'00'

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш
Примено: 11.07.2025

| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0201 | 586/2 | | |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на
Одлука за зголемување на цената за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за зголемување на цената за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад во општина Радовиш, бр.08-929/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 30.06.2025 година.

Број 09-929/2
Дата 30.06.2025 година
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Ацо Ристов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА РАДОВИШ